Врз основа на член 48 став 3 од Законот за сточарството (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08 и 116/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# Правилник
# за поблиските критериуми за вршење промет со семе од страна на други правни лица

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските критериуми за вршење на промет со семе од страна на други правни лица.

## Член 2

Правното лице кое врши промет со семе треба да има:

- просторија за чување и одржување на семето од добиток;
- просторија за дистрибуција на спакуваното семе од добиток (спермални дози) и
- просторија во која ќе се чува опремата за транспорт на семе од добиток.

## Член 3

Правното лице кое врши промет со семе од добиток треба да има најмалку еден вработен со високо универзитетско образование од областа на био-техничките науки.

## Член 4

Правното лице кое врши промет со семе треба да располага со соодветна опрема за чување и одржување на семе во зависност од видот на домашните животни и тоа:

- еден уред за одржување на длабоко смрзнато семе доколку врши промет на длабоко смрзнато семе и
- еден клима уред или простор со соодветен капацитет за чување на свежо семе на соодветна темература во зависност од видот на домашните животни со толеранција од +/- $1^0$C во просторот определен за таа намена во објектот на одобрената институција за промет на семе од добиток (за семе од видот свињи $17\pm1^0$C).

## Член 5

Правното лице кое врши промет со семе треба да располага со соодветна опрема за транспорт на семе во зависност од видот на домашните животни и тоа:

- мобилни клима уреди за транспорт на свежо семе на соодветна темература во зависност од видот на домашните животни со толеранција од +/- $1^{0}$C (за семе од видот свињи $17 \pm 1^{0}$C) и
- еден уред за транспорт на длабоко смрзнато семе доколку правното лице врши промет на длабоко смрзнато семе.

## Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08-3129/3
06.04.2012 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Љупчо Димовски